# ZBORNIK RADOVA
# CONFERENCE PROCEEDINGS

Računovodstvo i revizija u teoriji i praksi
Accounting and audit in theory and practice

ISSN 2637 - 272X

Banja Luka College
Besjeda
Banja Luka, 2021.

Zbornik radova
Računovodstvo i revizija u teoriji i praksi

Conference Proceedings
Accounting and audit in theory and practice

**Izdavač/Publisher:**
Banja Luka College
Besjeda Banja Luka

**Za izdavača/For publisher:**
Prof. dr Mladen Mirosavljević
Danilo Novaković

**Urednik zbornika/Editors in chief:**
Doc. dr Zorana Agić

**Recenzenti:**
Prof. dr Snežana Knežević
Prof. dr Marija Magdinčeva – Šopova
Prof. dr Jasmina Starc
Prof. dr Biljana Petrevska
Prof. dr Nenad Novaković
Prof. dr Mladen Mirosavljević
Prof. dr Rajko Macura
Prof. dr Boris Damjanović
Prof. dr Svetlana Dušanić Gačić
Prof. dr Branka Savić
Doc. dr Aleksandra Mitrović
Doc. dr Malči Grives
Doc. dr Erdin Hasanbegović
Doc. dr Semina Škandro
Doc. dr Zorana Agić
Dr Adriana Galant
Dr Dragana Nikolić

**Lektor/Lector:**
Mr Vesna Đurović

ISSN 2637 - 272X

Tiraž: 500 komada

Copyright BLC 2021.

Naučni skup
„Računovodstvo i revizija
u teoriji i praksi“

# ZBORNIK RADOVA

Scientific Conference
“Accounting and audit
in theory and practice“

# CONFERENCE PROCEEDINGS

28. maj 2021. godine

Banja Luka College
Besjeda
Banja Luka, 2021.

Naučni skup
Računovodstvo i revizija u teoriji i praksi

Scientific Conference
Accounting and audit in theory and practice


**Naučni odbor/Scientific Board:**
Prof. dr Snežana Knežević
Prof. dr Marija Magdinčeva – Šopova
Prof. dr Jasmina Starc
Prof. dr Biljana Petrevska
Prof. dr Svetlana Dušanić Gačić
Prof. dr Boris Damjanović
Doc. dr Aleksandra Mitrović
Doc. dr Malči Grivec
Doc. dr Erdin Hasanbegović
Doc. dr Semina Škandro
Doc. dr Zorana Agić
Dr Adriana Galant
Dr Dragana Nikolić

**Organizacioni odbor/Organizational Board:**
Prof. dr Nenad Novaković
Prof. dr Mladen Mirosavljević
Doc. dr Zorana Agić
Doc. dr Nikola Novaković
Mr Dragan Pejić
Branislav Ivanković
Milena Hrvačanin
Đulka Simišić

# SADRŽAJ

ANALIZA EFIKASNOSTI TRGOVINSKIH PREDUZEĆA U SRBIJI NA BAZI OCRA METODE
ANALYSIS OF EFFICIENCY OF TRADE COMPANIES IN SERBIA BASED ON THE OCRA METHOD
*Radojko Lukić* ........ 9

SPECIFIČNA PITANJA REVIZIJE HOTELIJERSKIH PREDUZEĆA I NJIHOV ZNAČAJ PRILIKOM DONOŠENJA POSLOVNO-FINANSIJSKIH ODLUKA
SPECIFIC ISSUES OF AUDIT OF HOTEL COMPANIES AND THEIR SIGNIFICANCE WHEN MAKING BUSINESS-FINANCIAL DECISIONS
*Aleksandra Mitrović, Marko Milašinović* ........ 23

UTICAJ MERA ZA PODRŠKU PRIVREDI U VREME PANDEMIJE NA FINANSIJSKE IZVEŠTAJE PRIVREDNIH DRUŠTAVA U SRBIJI
IMPACT OF ECONOMIC SUPPORT MEASURES DURING THE PANDEMIC ON THE FINANCIAL STATEMENTS OF COMPANIES IN SERBIA
*Biljana Pejović, Vuk Bevanda* ........ 41

OBUHVATNOST I PRAKSA PRIMENE STANDARDA EKOLOŠKOG RAČUNOVODSTVA
COVERAGE AND PRACTICE OF APPLICATION OF ENVIRONMENTAL ACCOUNTING STANDARDS
*Brankica Todorović* ........ 55

ZNAČAJ STATISTIČKE PISMENOSTI ZA DONOSIOCE FINANSIJSKIH ODLUKA
IMPORTANCE OF STATISTICAL LITERACY FOR FINANCIAL DECISION MAKERS
*Zorana Agić, Svetlana Dušanić Gačić* ........ 69

PROCES UČENJA I MENADŽMENT ZNANJA U VIRTUELNIM ORGANIZACIJAMA
LEARNING PROCESS AND KNOWLEDGE MANAGEMENT IN VIRTUAL ORGANIZATIONS
*Aleksandar Lukić, Milan Novović* ........................................................79

PRIMENA ABC ANALIZE KAO SAVREMENOG METODA OBRAČUNA TROŠKOVA
APPLICATION OF ABC ANALYSIS AS A MODERN METHOD OF COST MANAGEMENT
*Zdravka Petković, Denis Stojkanović* ..................................................87

TEORIJSKO – PRAKTIČNI ASPEKTI PRANJA NOVCA
THEORETICAL – PRACTICAL ASPECTS OF MONEY LAUNDERING
*Dragan Cvetković, Jasmina Paunović, Snežana Knežević* ....................99

THE BASIC CHARACTERISTICS OF MACEDONIAN MONETARY POLICY
OSNOVNE KARAKTERISTIKE MAKEDONSKE MONETARNE POLITIKE
*Biljana Petrevska, Jasmina Mishoska Simov* ........................................ 121

ULOGA STRANIH DIREKTNIH INVESTICIJA NA PRIVREDU BOSNE I HERCEGOVINE
THE ROLE OF FOREIGN DIRECT INVESTMENT IN THE ECONOMY BOSNIA AND HERZEGOVINA
*Erdin Hasanbegovic, Semina Škandro* .................................................... 131

ANALIZA KONKURENTNOSTI BOSNE I HERCEGOVINE I PREPORUKE ZA JAČANJE KONKURENCIJE
ANALYSIS OF BOSNIA AND HERZEGOVINA'S COMPETITIVENESS AND RECOMMENDATIONS FOR THE STRENGTHENING OF ITS COMPETITIVENESS
*Jozo Piljić* ................................................................................................ 141

MENADŽMENT I NOVE TENDENCIJE UPRAVLJANJA LJUDSKIM RESURSIMA – POREĐENJE JAPANA, AMERIKE I SRBIJE
MANAGEMENT AND NEW TENDENCIES OF HUMAN RESOURCES – COMPARISON OD JAPAN, AMERICA AND SERBIA
*Biljana Ilić, Gordana Đukić* .................................................................... 157

ANALIZA FINANSIJSKIH PERFORMANSI PREDUZEĆA ZA POSLOVNO-FINANSIJSKO ODLUČIVANJE PRIMENOM RACIO ANALIZE
ANALYSIS OF FINANCIAL PERFORMANCES OF COMPANIES FOR BUSINESS-FINANCIAL DECISION MAKING USING RACIO ANALYSIS
*Stefan Milojević, Jelena Stojanović Alcaraz, Jovan Travica* ............... 175

MENADŽMENT I ORGANIZACIJA PROIZVODNJE U PREDUZEĆIMA ZA OBRADU METALA
MANAGEMENT AND ORGANIZATION OF PRODUCTION IN METAL PROCESSING COMPANIES
*Admir Rizvan* ............... 187

FINANSIRANJE ODRŽIVOG RAZVOJA U ERI COVID-19
FINANCING SUSTAINABLE DEVELOPMENT IN THE ERA COVID-19
*Nataša Marjanović, Milan Novović* ............... 201

EVALUACIJA FINANSIJSKOG UČINKA HOTELIJERSKOG PREDUZEĆA
EVALUTION OF THE FINANCIAL PERFORMANCE OF A HOTEL COMPANY
*Milan Vujić, Jovan Travica, Tamara Vujić* ............... 219

DIGITALNA PODRŠKA OBRAZOVANJU TOKOM PANDEMIJE
DIGITAL SUPPORT TO EDUCATION DURING PANDEMICS
*Nikola Novaković, Zorana Agić, Dragan Pejić* ............... 231

ПОЛИТИКИ ЗА МЕНАЏИРАЊЕ СО СТРЕСОТ КАЈ СМЕТКОВОДИТЕЛИТЕ ПРЕДИЗВИКАН ОД ВЛИЈАНИЕТО НА ВИРУСОТ КОВИД-19, СЛУЧАЈ НА МАКЕДОНИЈА
ACCOUNTANTS STRESS MANAGEMENT POLICIES CAUSED BZ THE IMPACT OF COVID-19 VIRUS: THE MACEDONIAN CASE
*Марија Магдинчева-Шопова, Анета Стојановска-Стефанова* ............... 245

OBLIKOVANJE BSC MODELA KOD KOMUNALNIH PREDUZEĆA
DESIGN OF BSC MODEL IN COMMUNAL ENTERPRISES
*Samir Sanulahpašić*........................................................................................ 257

RAČUNOVOSKI SERVISI IN COVID-19
ACCOUNTING SERVICES AND COVID-19
*Malči Grivec*................................................................................................ 277

METODE NASTAVE STRANOG JEZIKA STRUKE U VISOKOŠKOLSKIM USTANOVAMA
METHODS OF THE TEACHING OF A FOREIGN LANGUAGE FOR SPECIFIC PURPOSES IN HIGHER EDUCATION INSTITUTIONS
*Vesna Đurović*............................................................................................ 289

TRGOVINA HARTIJAMA OD VRIJEDNOSTI NA FINANSIJSKOM TRŽIŠTU
TRADING SECURITIES ON FINANCIAL MARKET
*Naida Zaimović*........................................................................................... 297

**Originalni naučni rad**

UDK 005.5:578.834(497.7)
DOI 10.7251/BLCZB2101245M
COBISS.RS – ID

# ПОЛИТИКИ ЗА МЕНАЏИРАЊЕ СО СТРЕСОТ КАЈ СМЕТКОВОДИТЕЛИТЕ ПРЕДИЗВИКАН ОД ВЛИЈАНИЕТО НА ВИРУСОТ КОВИД-19, СЛУЧАЈ НА МАКЕДОНИЈА

# ACCOUNTANTS STRESS MANAGEMENT POLICIES CAUSED BZ THE IMPACT OF COVID-19 VIRUS: THE MACEDONIAN CASE

**Марија Магдинчева-Шопова[1],**
**Анета Стојановска-Стефанова[2]**

**РЕЗИМЕ**

*Влијанието на вирусот Ковид-19 целосно го промени начинот на живеење и работа при што се наметнаа нови услови за работа. Новите услови за работа предизвикуваат одредени стресни состојби кај сите вработени и деловни субјекти вклучително и сметководителите и овластените сметководители. Сметководството претставува процес кој обезбедува неопходни информации за изработка на финансиските извешатаи и бара исклучителна посветеност од страна на сметководителите односно овластените сметквoдители за да можат да обезбедат квалитетно и навремено извршување на работните обврски. Сметководителите мора да се прилагодат на новонастанатата состојбата од аспект на извршувањето на работните обврски но во услови на зголемен ризик во работењето. Поради тоа во рамки на трудот ќе биде спроведено истражување со цел да се согледат причинителите на стресни состојби кај сметководителите I овластени сметководители а посебно влијанието на вирусот Ковид-19.*

1 Проф. др Марија Магдинчева-Шопова, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, e-mail: marija.magdinceva@ugd.edu.mk
2 Доц. др Анета Стојановска-Стефанова, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Долчев", Штип, e-mail: aneta.stojanovska@ugd.edu.mk

*Добиените резултати од истражувањето ја потврдуваат поставената хипотеза дека влијанието на вирусот Ковид-19 претставува основен фактор за зголемување на стресните состојби кај сметководителите/овластените сметкводители од аспект на навремено извршување на обврските во согласност со законските рокови вработените на работноте место како и намалување на работата. Врз основа на добиените резултати ќе бидат дадени препораки за креирње на политики за менаџирање со стресот кај сметкводителите и овластените сметководители.*

**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ:** *стрес, сметководител, овластен сметководител, менаџирање со стресом, политики.*

**ABSTRACT**

*The effects of the COVID-19 virus have completely changed the way we live and work, and new working conditions have been imposed. The new working conditions cause certain stressful situations for all employees and business entities, including accountants and certified accountants. Accounting is a process that provides the necessary information for the preparation of financial statements and requires exceptional commitment on the part of accountants or certified accountants to be able to ensure quality and timely performance of work responsibilities. Accountants must adapt to the new situation in terms of performing their duties but in conditions of increased risk in the operation. Therefore, research will be conducted in order to identify the causes of stress in accountants and certified accountants and especially the impact of the virus COVID-19s.*

*The results of the research confirm the hypotheses that the impact of the virus COVID-19 is a key factor in increasing the stress of accountants and certified accountants in terms of timely performance of duties in accordance with the determined deadlines and job reduction. The results of the research are the basis for creating recommendation for creating stress management policies for accountants and certified accountants.*

**KEY WORDS**: *stress, accountants, certified accountants, stress management, policies.*

## 1. ВОВЕД

Влијанието на вирусот Ковид-19 придонесе за големи ненадејни промени во начинот на живеење и работа кај сите деловни субјекти и индивидуи-вработени и менаџери. Пандемијата предизвикана од влијанието на вирусот Ковид-19 која го зафати светот кон крајот на месец декември 2019 година, предизвика значајни промени и последици во сите области од секојдневното живеење и работа на глобално ниво.

Промените и последиците се чувствуваат секојдневно веќе подолг временски период од една година. Долготрајната и континуирана изложеност на новите услови на работа предизвикува одредени стресни состојби кај сите осигуреници, вработени, посебно кај лицата кои работат како сметководители односно овластени сметководители. Работата, работното место обезбедуваат финансиска сигурност и соодветен статус. Но, работното место може да биде и причина за загриженост и појава на силен стрес, особено во денешните услови на глобална криза (Magdinčeva-Šopova, Stojanovska-Stefanova, 2021). Не постои претпријатие или работа, работно место каде не постои одредено ниво на стрес при извршување на работните обврски. Степенот на стресно искуството кое ќе го доживее една индивидуа е делумно зависно од тоа колку таа е способна да се сноси со обврските кои и ги наметнува самата работа, и начинот на кој таа ги сноси обврските и одговорностите и соочувањето со промените кои настануваат ненадејно (European Agency for Safety and Health at Work, 2000). Стресот се јавува како резултат на непознати и непредвидливи ситуации, непријатни или пријатни, кон кои секој поединец или вработен мора да се прилагоди. Професионалниот стрес или стресот на работа најчесто се јавува како резултат на несоодветните барања од конкретната работа и можностите на вработениот (Lazarus, Folkman, 1986).

Познати се голем број на дефиниции кои го објаснуваат поимот стрес. Стресот претставува процес во кој карактеристиките на работата или на работните места создаваат чувство на неудобност или болест (Nikolovski, 2000). Поголемиот број дефиниции кои го објаснуваат поимот стрес имаат негативно значење бидејќи ги објаснуваат негативните ефекти од влијанието на стресот кај вработените и покрај тоа што понекогаш стресот предизвикува позитивни промени кај вработените. За разлика од негативниот стрес кој предизвикува чувство на инфериорност и неможност да се прифатат предизвиците и состојбите на работа и вон работа, позитивниот стрес претставува нормален дел од животот кој генерира енергија и ги мотивира вработените кон остварување на добри излезни резултати и извршувања. Стресот претставува секојдневна, нормална појава која се јавува како резултат на реакцијата на заканите и промените кои се случуваат околу поединецот како и очекувањата кои треба да бидат исполнети од одредена личност (Magdinčeva-Šopova et al., 2017). Вообичаено непознатите и непредвидливи ситуации, предизвикуваат стресни состојби. Вработените, вклучително и сметководителите и овластените сметководители секојдневно ги чувствуваат влијанијата на стресот предизвикани од одговорноста како сметководители и овластени сметководители, навремено извшу-

вање на законските обврски, намалување на плата, намалување на работа, промени во законската регулатива и сл. но со различен интензитет. Одговорноста го означува степенот на одговорност за работата и влијанието кое го има во претпријатието (Petrevska, Magdinčeva-Šopova, 2018).

Влијанието на вирусот Ковид-19 предизвикува негативен стрес кај сите активни сметководители / овластени сметководители кој се разликува од останатите извори на стрес. Со зголемувањето на стресот и продолжување на периодот на дејствување, во услови на глобална здравствена криза која генерира и економска криза, од голема важност е креирње на политики за менаџирање со стресот кај сметкводителите и овластените сметководители заради успешно надминување на стресните состојби и намалување на негативните последици кои ги предизвикува стресот. Практикувањето на добри политики за менаџирање со стресот ќе овозможи контролирање на изворите на стресот. Основа за креирање на политиките за менаџирање со стресот претставуваат предвидувањата на идните појави кои може да предизвикуваат стресни состојби. Најголемо влијание во намалувањето на изворите на стрес и интензитетот на дејствување има работното окружување, условите за работа, меѓучовечките односи и социјалните односи. По препознавање на факторите и изворите на стресни состојби и при креирањето на политики за намалување на влијанието на стресот треба да се има во предвид континуитетот во таргетирање на критичните точки кои генерираат стресни состојби.

При креирањето на политиките за управување со стресот кај сметководителите и овластените сметководители од голема важност е умешноста за препознавање и контролирање на стресот како основа за ефикасност во справувањето со стресот. Според Американската психолошка асоцијација постојат три вида на стрес: акутен стрес, епизодичен стрес и хроничен стрес – секој со посебни карактеристики, симптоми и траење (American Psychological Association, 2018).

Ефикасното справувањето со стресот зависи од личните карактеристики на поединецот како што се одговорноста, способноста за работа, способноста за само контрола и сл., и од способноста за контролирање на негативните чувства кои се јавуваат како резултат на влијанието на изворот на стресни состојби. Извори на стресот на работа се: физичкото окружување, општественото окружување, личните диспозиции, работните задачи, степенот на задоволство од работа и позициите во претпријатието (Lazarus, Folkman, 1986).

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Преку примената на соодветна методологија во истражувањето се овозможува согледување на начинот преку кој ќе се стекнат сознанијата на појавата која е предмет на истражување. Користењето на соодветна методологија и примена на соодветни методолошки постапки и методи на истражување со користење на квалитативните и квантитативните техники и методи за собирање и обработка на податоците овозможува аргументирање и потврдување или отфрлање на поставените хипотези како и потврда на предметот и целта на истражувањето. За да се оправда истражувањето кое има за цел да се согледа значењето на стресот предизвикано од влијанието на вирусот Ковид-19 и сè поголемото индиректно или директно влијание на работата на сметководителите или овластените сметководители спроведено е практично истражување.

Секојдневната застепеност на стресот во работата на сметководителите и овлатените сметководители придонесува за актуелизирање на проблемот и ги принудува менаџерите и самите вработени да бараат соодветни решенија. Од посебна важност е препознавањето и преземањето на одредени активности за намалувањето на влијанието на стресот на работа.

Практичното истражување кое е спроведено во рамките на овој труд има за цел да укаже не само на влијанието на стресот предизвикан од влијанието на вирусот Ковид-19 кај сметководителите и овластените сметководители туку и на важноста на политиките за менџирање со стресни состојби. Како методи на истражување за согледување на влијанието на стресот предизвикан од влијанието на вирусот Ковид-19 и политиките за менаџирање со стресни состојби применет е методот на анкета и анализа на добиените податоци. Анкетата како метод на истражување е спроведена преку составување на прашалник од десет прашања. Преку одговор на прашањата се потврдија поставените цели на истражувањето- дали сметководителите и овластените сметководители се изложени на стрес, изворите на стрес како и политиките кои се преземаат за намалување на стресот. Истражувањето се реализира во периодот од месец декември 2020 година заклучно со месец март 2021 години. Во истражувањето беа вклучени вкупно 110 лица кои работат како сметководители и овластени сметководители. Од нив доставениот прашалник го одговорија 95 испитаници а останатите 15 лица не покажаа интерес да бидат вклучени во истражувањето.

## 3. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Според добиените резултати од спроведеното истражување и вкупниот број на добиени одговори на секое прашање се констатира дека примерокот се состои од 95 испитаници. Во истражувањето активно учествуваа 95 испитаници од кои 66 се жени а 29 мажи (слика 1).

*Слика 1. Структура на испитаници*




Извор: *Авторско дело*

Приказ на структурата на испитаниците според возраст е даден на слика 2.

*Слика 2. Структура на испитаниците според возраст*




Извор: *Авторско дело*

На слика број 3 даден е приказ на испитаниците според овластување-сметководител и овластен сметководител а во табела 1 даден е приказ на анкетните прашања и понудените одговори.

*Слика 3. Структура на испитаници според овластување*




Извор: *Авторско дело*

*Табела 1. Прашања и понудени одговори*

| р.б. | Прашање | Одговор |
|---|---|---|
| 1. | Дали сте изложени на стрес на работа? | а) Да б) Не |
| 2. | Дали често во претпријатието се појавуваат стресни состојби? | а) Да б) Не |
| 3. | Дали Вашиот претпоставен ги препознава стресните состојби и изворите на стрес? | а) Да б) Не |
| 4. | Поради кои причини сте изложени на стрес? | а) Вирус Ковид-19<br>б) Премногу работа<br>в) Промени во работата<br>г) Промени во прописи<br>д) Недоразбирање |
| 5. | Поради кои причини сте изложени на стрес од влијание на вирусот Ковид-19? | а) Страв од заболување<br>б) Законските рокови<br>в) Несоодветна заштита<br>г) Намалување на работа<br>д) Несоодветно работно време |
| 6. | Дали на работното место(канцеларија) се применуваат мерките за заштита? | а) Да б) Не |
| 7. | Дали изложеноста на стресни состојби придонесува за намалување на ефективноста во работата? | а) Да б) Не |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Дали сте редовно информирани за промените во работата кои произлегуваат во промена на законските прописи? | |
| 9. | Дали сте мотивирани и имате поддршка за прилагодување на новонастаната состојба? | а) Да б) Не |
| 10. | Дали во претпријатието во кое работите се применува одредени методи за управување со стресните состојби на работно место? | а) Да б) Не |

Извор: *Авторско дело*

На првото прашање кое гласи Дали сте изложени на стрес на работното место?, најголем дел од испитаниците одговорија потврдно односно 89 испитаници се изјаснија потврдно а само 6 испитаници се изјаснија негативно. На второто прашање кое гласи Дали често во претпријатието се појавуваат стресни состојби?, најголем број од испитаниците или 82 испитаници оговорија потврдно а 13 испитанци одговорија негативно. На прашањето Дали Вашиот претпоставен ги препознава стресните состојби и изворите на стрес?, поголемиот број на добиени одговори (88) потврдуваат дека претпоставените може да ги препознаат стресните состојби и причините - изворите на стрес а 7 испитаници се изјаснија негативно и тие сметаат дека претпоставените не можат да ги предвидат изворите на стрес. На четврттото прашање Поради кои причини сте изложени на стрес?, со дадените можни одговори а) влијанието на вирусот Ковид-19, б) премногу работа, в) промени во работата, г) промени во прописи и д) недоразбирања на работа, најголем дел од испитаниците се изјаснија дека влијанието на вирусот Ковид-19 предизвикува најголем стрес кај испитаниците за што се изјаснија 55 испитаници, 34 испитаници се изјаснија дека промените во прописите предизвикуваат стрес и 6 испитаници се изјаснија дека зголемениот обем на работа е извор на стрес. На петтото прашање кое гласи Поради кои причини сте изложени на стрес од влијание на вирусот Ковид-19? и дадените одговори: а) страв од заболување, б) неможност за почитување на законски рокови, в) несоодветна заштита, г) намалување на работа, д) несоодветно работно врме, најголем причинител на стрес кај 48 испитаници е неможноста за почитување на законските рокови, 42 испитаници се изјаснија дека стравот од заболување предизвикува стрес а 5 испитаници се изјаснија дека веројатноста за намалување на работата влијание негативно и предизвикува стрес. На следното прашање Дали на работното место (канцеларија) се применуваат мерките за заштита? поголемиот број од испитаниците вклучени во истражувањето или 92 испитаници се изјаснија дека во претпријатието се применуваат односно почитуваат мерките за заштита а само

3 испитаници одговорија дека не се почитуваат мерките за заштита. На прашањето Дали изложеноста на стресни состојби придонесува за намалување на ефективноста во работата?, поголемиот број од испитаниците вклучени во истражувањето или 82 испитаници се согласни дека стресот негативно влијае на ефективноста во работењето а 13 испитаници сметаат дека стресот не влијае на извршувањето во работата. На осмото прашање Дали сте редовно информирани за промените во работата кои произлегуваат во промена на законските прописи? поголемиот број од испитаниците вклучени во истражувањето или 85 испитаници се изјаснија дека навремено се информирани за промените на законските прописи а само 10 испитаници сметаат дека не се редовно информирани за законските измени. Во однос на прашањето Дали сте мотивирани и имате поддршка за прилагодување на новонастаната состојба?, поголемиот број од испитаниците вклучени во истражувањето односно 87 се изјаснија дека немаат поддршка за надминување на новонастанатата состојбата а 8 испитаници се изјаснија дека имаат поддршка и се мотивирани да ја надминат настанатата состојба. На последното прашање - Дали во претпријатието во кое работите се применува одредени методи за правилно управување со стресните состојби на работно место?, 88 испитаници се изјаснија дека не се применуваат одредени активности за намалување на стресот а само 7 испитаници се изјаснија позитивно и сметаат дека веќе се применуваат одредени методи за намалување на стресот на работното место.

## 4. АНАЛИЗА И ДИСКУСИЈА

Добиените резултати од истражувањето ја потврдуваат поставената хипотеза дека влијанието на вирусот Ковид-19 претставува основен фактор за зголемување на стресните состојби кај сметководителите и овластените сметководители. Добиените резултати од истражувањето ја потврдуваат поставената хипотеза дека влијанието на вирусот Ковид-19 претставува основен фактор за зголемување на стресните состојби кај сметководителите/овластените сметкводители од аспект на навремено извршување на обврските во согласност со законските рокови вработените на работноте место како и намалување на работата. Според добиените резултати може да се констатира дека поголем дел од лицата вклучени во истражувањето сметаат дека се постојано изложени на стрес. Причините за стрес може да ги поделиме во две основни групи: причини кои се директно поврзани со работата и со организацијата во која индивидуата работи и причини поврзани со други сегменти од животот на човекот (Leka, Stavroula, 2005). Основен при-

чинител на стресот за овие вработени претставува влијанието на вирусот Ковид-19 како и спреченоста на сметководителите/овластените сметководители навремено да одговорат на законските барања. Стресот на работното место го сочинуваат следните компоненти: даден предизвик кој го нуди работното место, значење на индивидуалните вредности и несигурен исход (Wagner, Hollenbeck, 2002). Сметководителите на директен или индиректен начин се погодени од здравствената криза и имаат најголема обврска за практично спроведување на мерките донесени на државно ниво. Токму поради тоа сметководителите чувствуваат стрес поради спреченоста навремено да ги извршат барањата од нивните клиенти и достават до надлежните државни инстутуции од една страна и од друга страна опасноста од намалување на работата како резултат на економската криза која влијае на намалување на обемот на работа на деловните субјекти и веројатноста да бидат заболени, што претставува голема неизвесност за сметководителите. Неизвесноста предизвикува стрес кој има тенденција на зголемување кога се чувствува неможност да се одговори на предизвикот. Неизвесност од неисполнување на предизвикот создава стрес на работното место. Поради тоа потребно е да се обезбедат организациски услови за навремено информирање за сите промени поврзани со вирусот Ковид-19, спроведувањето на мерките и редовно извршување на работните обврски.

## 5. ЗАКЛУЧОК

Стресот претставува еден од најважните причинители за неефикасно исполнување на работните обврски. Не постои претпријатие или работа каде не постои одредено ниво на стрес. Стресот се манифестира како резултат на неусогласеноста помеѓу она што се очекува од вработениот односно сметководителот / овластен сметководител и знаењата и способностите за навремено извршување на работните обврски во согласност со законската регулатива. Вообичаено стресот се поврзува со вработените во претпријатието, организациската култура на претпријатието, комуникацијата во претпријатието, начинот на организација на работењето, начинот на решавање на конфликтните ситуации во и вон работа (Magdinčeva-Šopova, 2017). Но влијанието на вирусот Ковид-19, предизвикува зголемено ниво на стрес што е причина за намалување на ефикасноста во работата но предизвикува и зголемена опасност за нарушување на здравјето со изразено штетни последици. Ефикасноста во управувањето со стресот кај сметководителите се состои во способноста за откривање и отстранување на изворите на стресни состојби и нивно намалување. Стресот предизвикан

од влијанието на вирусот Ковид-19 како негативна појава во работењето може да се надмине со примена на соодветни политики за менаџирање со стресот кои се соодветни за актуелната состојба. Со оглед на тоа дека пандемијата предизвикана од влијанието на вирусот Ковид-19 и имплементацијата на мерките за поддршка и намалување на последиците од влијанието на вирусот Ковид-19, придонесе за зголемување на обвските на сметководителите, неопходно е да се иницираат постапки за промена на роковите за достава на финансиските извештаи и пријави до соодветни државни институции.

## РЕФЕРЕНЦИ


1. American Accounting Association. (1996). *A Statement of Basic Accounting Theory*, Evanston III, pp.1-10.
2. American Psychological Association (2018). *Stress - The different kinds of stress*, преземено на 10 април 2021 г. од http://www.apa.org/helpcenter/stress-kinds.aspx
3. European Agency for Safety and Health at Work. (2000). *Research on Work*, Related Stress, pp. 123.
4. Lazarus, R. S., Folkman, S. (1986). *Cognitive theories of stress and the issue of circularity*, In Appley, M. H., Trumbull, R., Eds, pp. 57.
5. Leka, Stavroula. (2005). *Work organization & Stress,* Protecting workers' health series, No. 3, World Health Organization.
6. Magdinčeva Šopova, M., Bardarova S., Stojanovska-Stefanova, A. (2017). *The role of the entrepreneur in managing the professional stress of the employees.* In: Proceedings Book of First International Scientific Conference, Challenges of Tourism and business logistics in the 21st century – ISCTBL 2017, University Goce Delcev-Stip, Gevgelija, Macedonia.
7. Magdinčeva Šopova, M., Stojanovska-Stefanova, A. et al. (2021). *Employee stress management caused by the impact of the Covid-19 virus: the Macedonian case*, SocioBrains, ISSN 2367-5721 (online), Issue 80, April 2021.
8. Wagner, A. J., Hollenbeck R. J. (2002). *Organization behavior*. Harcourt College Publishers, Fort Worth.
9. Nikoloski, T. (2000). *Psihologija na trudot*. Univerzitet "Sv. Kiril li Metodij", Skopje.
10. Petrevska, B., Magdinčeva-Šopova, M. (2018). *Ekonomika na pretprijatija*. Univerzitet Goce Delčev, Štip.